Комисијата за спречување и заштита од дискриминација постапувајќи по преставката со архивски број 0801-226/1 од 16.07.2019 година поднесена од [redacted] од Гевгелија преку адвокат [redacted] од Охрид, против Директорката на Агенција за вработување на РСМ- Скопје [redacted], врз основа на член 21 став 14 и член 27 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен весник на РСМ број 258/2020 од 30.10.2020), на 06.07.2021 година го донесе следното

# МИСЛЕЊЕ

***Се утврди директна и индиректна дискриминација од страна на Директорката на Агенција за вработување на РСМ- Скопје [redacted] кон [redacted] од Гевгелија, врз основ на лично својство и општествен статус во областа на работа и работни односи.***

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Комисијата за заштита од дискриминација е поднесена претставка бр. 08-226/1 од 16.07.2019 година поднесена од [redacted] од Гевгелија преку адвокат [redacted] од Охрид, против Директорката на Агенција за вработување на РСМ- Скопје [redacted]

По приемот на претставката, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека претставката е допуштена затоа што е поднесена во законскиот рок согласно член 24, став 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација. Претставката се однесува на работа и работни односи, област која е покриена со член 3 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Во претставката подносителката наведува дека е раковидител во Центар за вработување Гевгелија, кој согласно закон и согласно Овластувањето во Централен регистар на РСМ е овластен потписник на Центарот за вработување Гевгелија. За реализација на Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот за 2019 година на Агенцијата за вработување на РСМ, Директорот на АВРСМ-[redacted], за сите раководители издала Овластувања со деловоден бр.03-927/2 со дата на заверка од 26.03.2019 година. Но од непознати причини вакво Овластување не е издадео за [redacted](и уште тројца други раководители). За подносителот на преставка наведеното Овластување е издадено на 17.04.2019 година.

Согласно Овластувањето кое го издава директорот, лицата се овластени да склучуваат и потпишуваат договори за учество и спроведување на активни програми и мерки за вработување и договори за учество и спроведување на проектите за самовработувањето со кредитирање и кредитирање на правни субјекти за отварање на нови работни места. Со ненавремено издавање на ваквото Овластување, Директорот имал за цел спречување, ограничување на правата и оневозможување на вработената редовно да ги обавува и дава

услуги на клиентите, со што неиздавањето на Овластувањата кои се неопходни за остварување на работите и работните задачи довеле до разликување, исклучување од останатите на кои им е дадено првенство.

Комисијата за спречувње и заштита од дискриминација утврди дека неиздавањето на Овластувањата на ист датум на сите подносители на барањата е повредено начелото на еднаквост со што директорката на Агенцијата за вработување на РСМ сторила **директна дискриминација** врз основ на лично својство и општествен статус согласно член 8 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација во кој се наведува: *„Директна дискриминација постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа."* Во поднесената преставка јасно се гледа дека Директорката со подносителката на преставката постапила понеповолно во однос со останатите вработени кои се на исто ниво Б04. Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди и **индиректа дискриминација** сторена од страна на Директорката на Агенцијата за вработување кон корисниците на програмата за реализација на Оперативниот план за актни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот за 2019 година на Агенцијата за вработување на РСМ. Индирекета дискриминација е утврдена согласно член 8 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација во кој се наведува:*"Индиректна дискриминација постои кога преку навидум неутрални прописи, одредби, критериуми, програми или практики, се става некое лице или група вопонеповолна положба врз дискриминаторска основа во споредба со други лица или група лица, освен кога произлегува од легитимна цел, а средствата за постигнување на таа цел сепропорционални, односно се соодветни и неопходни„.*

Претставката се однесува на лично својство и општествен статус како дискриминаторска основа од член 5 од Законот, кој е именуван како *Дискриминаторска основа*, се наведува дека: *„**Се забранува** секоја дискриминација врз основа на раса, боја на кожа, потекло, национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, **лично својство и општествен статус** или која било друга основа."*

Дополнително, во членот 9 од Уставот на Република Северна Македонија, е наведено: *„Граѓаните на Република Македонија **се еднакви** во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското убедување, имотната и општествената положба. Граѓаните пред уставот и законите **се еднакви**".*

Согласно сите овие наводи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација **утврди директна и индиректна дискриминација по основ на лично својство и општествен статус**, извршена од страна на Директорката на Агенција за вработување на РСМ- Скопје [redacted]

Согласно член 27 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, во случај на утврдена дискриминација предвидена е обврска на Комисијата да препорача начин на отстранување на повредата на правото на еднаквост, односно начин на отстранување на дискриминацијата. Ставот 3 од истиот член посочува дека субјектот кон кого е упатена

препораката **има должност** да постапи по истата и да ја отстрани повредата на правото на еднаквост. Следствено на ова, Комисијата ја донесе следнава

## ПРЕПОРАКА

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација и препорачува на Агенцијата за вработување на РСМ, при примена на членот 17 став 2 од Статусот на Агенцијата за вработување на РМ да го да го има во предвид член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација кој гласи: *"Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите.*

Доколку субјектот кон кој е упатена Препораката не постапи по истата, Комисијата има законска надлежност да поднесе барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежниот суд за прекршоци, согласно член 27, став 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

**ПРЕТСЕДАТЕЛКА**

Весна Бендевска

Комисија за спречување и заштита од дискриминација Скопје

Доставено до:

1.Агенција за вработување на РСМ, Васил Ѓорѓов 43, 1000 Скопје

2. [redacted]

3.[redacted] ВД директор на ПИОМ, 23 октомври 11, 1000 Скопје